**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО - ЗВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ И УПРАВУВАЊЕ НА**

**ПВУ-ВСШ**

**„ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА“, СКОПЈЕ**

Со одлука донесена на ________________седница на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ Скопје, одржана на ден ______________година определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор во сите наставни звања од полето 506 Организациски науки и управување, деловна (бизнис) Администрација на ПВУ ВСШ „Факултет за бизнис економија“ Скопје. Јавниот конкурсот за избор на наставник во сите наставни звања од полето 506 во областа на Организациски науки и управување беше објавен во дневниот весник „Слободен печат“ на 13.12.2023 година, и во предвидениот рок се пријави д-р Александар Галев. Членовите на рецензентската комисија, согласно член 172 од Законот за високо образование (Сл.Весник на РМ бр.82/18) и Правилникот за критериумите и постапката за избор во звања на ПВУ ВСШ ,,Факултет за бизнис економија ‘’ Скопје, а во врска со објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставни звања во областа на Организациски науки и управување/ деловна (бизнис) Администрација ,врз основа на деталниот увид на приложената документација, на Наставничкиот совет му го поднесува следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

**1. Биографски податоци**

Кандидатот д-р Александар Галев е роден на 08. 04. 1968 година во Струмица, РМ. Во 1995 дипломира на Медицинскиот Факултет Кирил и Методија во Скопје, во РМ. Во 2012, со одбрана на магистерскиот труд “ Импакт од променети протокол за скрининг на активна белодробна туберкулоза за нивото на детекција на активна белодробна туберкулоза кај мигранти од Источна Африка” успешно ги заврши сите барања на студискиот програм за Магистерски студии по јавно здравство на Медицинскиот Факултет во Скопје, РМ, и се стекнува со академски степен Магистер по Јавно Здравство (Masters in Public Health, MPH). Во 2022 со одбрана на магистерскиот труд “Евалуација на политиките за работа со човечките ресурси во здравство за време на глобална криза (пандемијата со Ковид - 19) на примерот на две здравствени организации во Кралството Јордан“ успешно ги заврши сите барања на

студискиот програм и се стекнува со академски степен Магистер по Деловна (Бизнис) Администрација (Masters in Business Administration, MBA).

Кандидатот д-р. Александар Галев има повеќегодишно домашно и меѓународно професионално искуство. Меѓународното искуство го стекнува како одговорен стратешки менаџер, истражувач, репортер, тренер, рекрутер, презентер и одговорен финансиски менаџер во регионалните канцеларии на Меѓународната Организација за Миграции во Кенија, Јордан, Етиопија, Танзанија, Македонија и во други земји, каде освен во техничките делови, е лидер во областа на планирање, буџет, финансиско работење, препознавање и развој на човечки ресурси како и комуникација, дипломатско работење, репрезентација и преговарање.

Исто така, д-р Александар Галев е публикуван автор на повеќе меѓународни трудови и поседува искуство како партиципант или рецензент на меѓународни научни трудови, кои резултираат во академски публикации во меѓународни академски журнали со импакт фактор. Тој има бројни учества и презентации на меѓународни научни конференции, семинари, работилници и едукативни тренинзи во Соединетите Американски Држави, Блискиот Исток, Азија, Африка и Европа.

Значајно е да се потенцира дека кандидатот д-р Александар Галев е главен одговорен уредник на стручното списание "Миграции и Здравство, Африка и Блискиот Исток во периодот 2011 – 2015 год. Тој е активен член на Интернационалната Унија за Борба против Туберкулозата и Белодробните Заболувања и е Директор во Бордот на Директори на Меѓународната Асоцијација на Панел Доктори (признаени од Соединетите Американски Држави, Обединетото Кралство, Канада, Австралија и Нов Зеланд) од 2012 – 2018 година.

**2. Наставно образовна дејност (НО)**

- 2008 до 2019, д-р. Галев е ангажирана како организатор и предавач на регионалните тренинзи за градење тимови, меѓу-персонални релации, работа во мулти културолошка и мултиетничка средина, стратешко планирање и водење на комплексни проекти во склоп на Меѓународната Организација за Миграции при Обединетите Нации, организирани во Кенија, Јордан, Либан, Танзанија, Египет, Уганда, Швајцарија, Турција. Зема активно учество во развивање, организирање, цензурирање и спроведување на предавања и презентациите на овие едукативни тренинзи.

- Април 2010 – водител на сесијата за "Допринос на квантифицирањето и метричките тестови во областа на исклучиви (excludable) психијатриски заболувања за мигрирање во Соединетите Американски Држави (САД)", со примери, студии на случај, демонстрација и

одговарање на стручни релевантни прашања, на тренингот на Панел Доктори за САД одржан во Бангкок, Тајланд.

- Април 2016 - предавање на тема "Предизвици и додатно оптеретување со заразни болести за здравствените системи во земјите во кои пристигаат мигрантите и бегалците од Сирија", во рамките на сесијата за здравствените предизвици за Обединетото Кралство предизвикани од инфлуксот на мигранти од Сирија, во Кралскиот Колеџ за Медицина во Лондон, Обединето Кралство (Royal Society of Medicine, London, UK)

- Мај 2017 – предавања на тема "Финансиски менаџмент на клиниките за систематски миграциони прегледи – планирање, буџетирање, безбедност во случај на застој / смален обем на работа, минимум потребни средства за финансиски `back-up' и финансиска контрола" во склоп на регионалните едукативни тренинзи на финансиските и административни работници во миграционите клиники во Северна Африка и на Блискиот Исток, оджани во Бејрут, Либан.

- Мај 2018 – предавање на тема "Бројките како патоказ за потребите (површина, материјали, опрема и човечки ресурси) на центрите за здравствени прегледи на мигранти", на првиот глобален едукативен тренинг на главните медицински офицери, одржан во Женева, Швајцарија.

- Октомври – Ноември 2018 – предавање на тема "Административни и финансиски предизвици при планирање на отварање и при администрирање на нови клиники", на првиот глобален едукативен тренинг на главните сестри во Женева, Швајцарија.

Исто така, има ангажман и за реализација на други активности од наставно – научната работа како член, советник или ментор на магистерски трудови на колеги во областа на јавното здравство во Кенија и Јордан.

Д-р Галев земал активно учество во повеќе истражувања од областа на финансиски менаџмент и менаџмент на човечките ресурси со импакт фактор и резултирале со презентации на трудови на меѓународни научни конференции.

**3. Научно истражувачка дејност (НИ)**

Меѓународно научни трудови:

- Evaluation of the Field Performance of ImmunoCard STAT! Rapid Diagnostic Test for Rotavirus in Dadaab Refugee Camp and at the Kenya – Somalia Border (The American Journal of Tropical Medicine and Hygiene. 96. 1302-1306. 10.4269/ajtmh.16-0885)

- Presumptive Treatment to Reduce Imported Malaria among Refugees from East Africa Resettling in the United States (*American Journal of Tropical Medicine and Hygiene,* 85(4), 2011, PMID: 21976559 10.4269/ajtmh.2011.11-0132)

- The Movement of Multidrug - Resistant Tuberculosis across Borders in East Africa Needs a Regional and Global Solution (*PLoS Med 12(2): e1001791. doi:10.1371/journal.pmed.1001791*)

- Challenges of Migration in the Middle East Region, Cools, J. Proceedings and Abstract book of the MEGMA Conference on Thalassaemia & other Haemoglobinopathies in Amman, Jordan, Nov 2016.

- Malaria in Yemen, *Malaria in Yemen: Needs Assessment 2017. Migration Health Research Bulletin,* Amman: IOM, 2017

- Syrian Crisis – overview of the Tuberculosis control program in Syria and neighboring countries (2017) DOI: 10.1126/science.350.6267.1446

- An evaluation of a tuberculosis case-finding and treatment program among Syrian refugees – Jordan and Lebanon, 2013 – 2015 (Conflict and Health, 13, Article number: 32 (2019) https://doi.org/10.1186/s13031-019-0213-1)

- TB control in humanitarian emergencies: Lessons from the Syria displacement crisis, Journal of Clinical Tuberculosis and Other Mycobacterial Diseases, Volume 14, 2019 https://doi.org/10.1016/j.jctube.2018.06.006

***Меѓународни научни конференции***

- Октомври 2007 – International Union Against Tuberculosis and Lungs Diseases IUATLD), Cape town, South Africa;

- Ноември 2010 - International Union Against Tuberculosis and Lungs Diseases, презентација на тема “Mobilizing urban migrants to access free early TB detection and treatment in Nairobi, Kenya, (IUATLD 2010), конференција одржана во Берлин, Германија;

- Октомври 2011 – IUATLD Conference, излагање на тема “Impact of a change in the TB screening protocol to the detection rates of active Tuberculosis amongst migrants in East Africa“ (IUATLD 2011), Лил, Франција;

- Октомври 2013 - IUATLD Conference, презентација на тема “Association of chest radiographic abnormalities with tuberculosis disease amongst the US bound migrants from East Africa: a retrospective cohort study“ (IUATLD 2013), Париз, Франција;

- Октомври 2015 – излагање на тема “Syrian Crisis – overview of the Tuberculosis control program in Syria and neighboring countries“, сеопфатно предавање направено со договор / на барање на Глобалниот Фонд за Борба Против Туберкулоза, Сида и Маларија (GFATM) од Женева, пред камерите на Би-Би-Си, на конгресот на IUATLD во Кејп таун, 2015та. Приказот од прва рака на тешката ситуација со контрола на туберкулозата во земјите кои граничат со Сирија на поширокиот аудиториум и на јавноста резултираше со покренување и финансирање на голем, мулти милионски регионален проект (од страна на меѓународната финансиска организација GFATM) во пет земји од регионот, кој проект е сеуште активен;

- Септември 2016 – презентер и водач на трибината насловена “Tuberculosis in refugees from the Near – and Middle - East“, при конгресот на Европското Друштво на Пулмолози (European Respiratory Society Congress), Лондон, Обединето Кралство;

- Октомври 2016 – презентација на тема “Broken health infrastructure impeding the TB control efforts in the Middle East – IOMs response in Jordan and Lebanon“, на конгресот на IUATLD во 2016, одржан во Ливерпул, Обединето Кралство;

- Јуни 2017 – излагање на тема “Health Profile of the Migrating Syrian Refugees from the Middle East“, University of Toronto, Faculty of Medicine, North American Refugee Conference, на

Северно Американската Конференција за Здравјето на Бегалците, одржана во Торонто, Канада, Јуни 2017;

- Октомври 2017 – водач на симпозиумот “Middle East response – Global Fund effort to step up TB and HIV/AIDS control efforts in the Syria neighboring countries“, Symposium chair, на конференцијата на IUATLD одржана во 2017 година во Гвадалахара, Мексико;

- Септември 2018 – презентација на тема “Follow-up of refugees with serious chronic medical conditions before resettlement: benefits and life changing impact;, при конференцијата на меѓународната медицинска асоцијација (International Society of Travel Medicine), одржана во 2018 во Рим, Италија

**4. Стручно-апликативна и организациски развојна дејност (САОР)**

Д-р. Галев има повеќе од дваесет годишно професионално искуство вон државата, работејќи како дипломат и координатор на активностите на својата организација во повеќе земји, како што се Кенија, Етиопија, Танзанија, Сиера Леоне, Јордан. Во текот на неговиот професионален развој во менаџерскиот, лидерскиот и јавно здравствениот сектор, тој учествува на курсеви тренинзи и обуки во повеќе земји низ светот и се здобива со сертификати како што се:

- Certificate from Emory University, Atlanta, Georgia, and The Office of the Workforce and Development of The Centers for Disease Control and Prevention (CDC) of the United States, Септември – Октомври 2008, Атланта, Џорџија, САД;
- Certificate from the Mailman School of Public Health of Columbia University from 2002 on Public Health in Complex Emergencies, Момбаса, Кенија;
- Certificate for Developing management competencies in TB and HIV-AIDS control organizations from the IUATLD од 2011та, Лил, Франција;
- Certificate on Emergency response in humanitarian operations, од 2002ра;
- Certificate for Quality Assessment of Medical Screening Operations од CDC Atlanta, 2002та;

- Certificate on basic security in the field – безбедност на вработените, здравје и благосостојба, од 2003та, Канцеларија на Обединетите Нации;
- Certificate on Project Development, IOM, од 2003ta;
- Certificate on Integrated Disease Surveillance and Response, and Avian Influenza, Светска Здравствена Организација и Министерство за Здравство на Кенија, 2007ма;
- Certificate on field work in Pathology, Diagnostic and Treatment of Leprosy, од 2007ма, Министерство за Здравство на Кенија;
- Certificate on Security Awareness, 2008ма, неопходен за влез и работа во Ирак;
- Certificate on Practical Implementation of the Human Rights Based Approach, од Обединетите Нации, 2011та;
- Certificate on awareness raising on the prevention of sexual exploitation and abuse at the workplace, od 2011та;
- Certificate in Woman's Economic Empowerment од Обединетите Нации, 2016та;
- Certificate on completed basic security in the field training, Обединети Нации, 2012та;
- Certificate on completed advanced security in the field training, Обединети Нации, 2012та;
- Certificate on completion of the CDC regional training for US Panel Physicians, Женева, Швајцарија, 2014та;
- Certificate of completed Panel Physician's training by the Australian Department of Immigration and Border Protection, Дубаи, ОАЕ, 2015та;
- Certificate on completed experiential team building training, Pioneer's academy, Аман, Јордан, 2016та;
- Certificate on completed advanced training in Quality and Clinical Governance, Australian Department of Immigration and Border Protection, Најроби, Кенија, 2016та;
- Certificate on completion of the course Gender Equality for staff, Обединети Нации, UN Women, 2016та;
- Certificate on Writing and Editing Project Proposals and Reports, Женева, Швајцарија, од 2012та;

Во рамките на меѓународната асоцијација на панел доктори (IPPA) д-р Галев партиципира и презентира на повеќе меѓувладини самити на следните теми:

- Предизвици при раководење со клиники во Ирак - “Challenges of running Migration Health Assessment Centers in Iraq – IOM’s experience“, IPPA Intergovernmental Summit, 2013, Atlanta, Georgia, USA;
- Водење на проширени програми за вакцинирање – “Implementation of the USRAP Expanded Vaccination and Presumptive Treatment Program in Kenya“, IPPA Intergovernmental summit 2014, Cape town, South Africa;
- Дали воопшто критериумите за забрзана миграција на бегалци во Америка работат – “Evaluating the Effectiveness of Expedite Criteria on the Resettlement Timeline for African Refugees with Medical Conditions“, IPPA Intergovernmental Summit, 2015, Hong Kong, HK;
- Статистичко значење на рентгенолошките промени на плуќа за откривање на активна белодробна туберкулоса – “Statistical significance of common chest radiography findings in detection of active pulmonary tuberculosis among migrants from the Middle East” IPPA Intergovernmental Summit, 2016, Praga, Чешка Република;
- Евалуација и профилирање на бегалската популација, базирано на голем број прегледи – “Syrian refugees health profile – based on 70,000 health assessments of Syrian refugees in IOMs clinics in the Middle East“, IPPA Intergovernmental Summit, 2017, Панама Сити, Панама;
- Придобивки за здравствените системи од рано следење и третирање на мигранти со сериозни здравствени проблеми – “The impact early detection and treatment of serious health conditions of migrants has on migrant’s own health, resettlement prospects and on the financial burden of receiveing communities”, IPPA Intergovernmental Summit, 2018, Куала Лумпур, Малезија;

Д-р Галев во состав на неговиот професионален и академски развој членува во најголемата глобална асоцијација за борба против туберкулозата и белодробните заболувања, како и во меѓународната асоцијација на панел доктори. Освен како дипломат, д-р Галев има остварено и регистрација и лиценци за работа како доктор во Уганда (три, од 2002ра – 2006та), во Кенија (десет, од 2001ва - 2015та, како и Certificate of Good Standing од Медицинската Комора на Кенија), во Етиопија (една, во 2004та) и во Танзанија (две, од 2002ра и 2005та).

Кандидатот издавал стручен журнал насловен “Миграции и здравје, Африка и Блискиот Исток“ во осум едиции, на шест месечен интервал, во периодот од 2011та – 2014та, како главен рецензент и координатор на стручниот журналот.

Д-р Галев е искусен аналитичар и проектен координатор на повеќе проекти во различни сектори. Исто така, кандидатот има менаџерско искуство како главен координатор на проектите

поврзани со здравјето на мигрантите во Африка и Блискиот Исток, директно раководејќи со над 500 вработени во периодот од 2007ма – 2020та, и управувајќи со проекти во вредност изразена во повеќе десетици милиони долари на годишно ниво. Од 2009та до 2015та исто така работи како заменик регионален директор за Источна Африка за организацијата за миграции на Обединетите Нации. Кандидатот има долгогодишно искуство и работа како успешен дипломат и претставник на својата организацијата во Кенија, Сиера Леоне, Танзанија, Етиопија и Јордан.

**Доколку ги квантифицираме вредностите на работните обврски и ангажманот на кандидатот д-р Александар Галев, согласно одредбите на Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ во Скопје е оценет со 296,6 поени.**

Имајќи го предвид погоре наведеното на Наставничкиот совет му го даваме следниот

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија по увид во документацијата поднесена со пријавата за распишаниот јавен конкурс за избор во наставно звање од областа на Организациски науки и управување, деловно (бизнис) администрација може да констатира дека кандидатот д-р Александар Галев ги исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ во Скопје.

Рецензенската комисија може да констатира дека кандидатот д-р Александар Галев го има потребното искуство за избор во наставно звање **предавач** , има работно искуство во наставна и високообразовна дејност како и има објавено научни и стручни трудови, покажува интерес, капацитет и способност за наставно образовна и научно истражувачка активност, кои се потребни за извршување на работните обврски како предавач во областа на Организациски Науки и Управување/деловна (бизнис) администрација/ (јавна администрација)

Врз основа на претходно изнесеното, рецензентската комисија му предлага на Наставничкиот совет да го избере кандидатот д-р Александар Галев во наставно звање предавач од областа на Организациски Науки и Управување/деловна (бизнис) администрација на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ во Скопје

PEL..\EH3EHTCl<A. K0M"1O1JA

1. npo<jıA·PCı-ıı-rnwa

3ap111<j (npoq>ecop Ha <l>aı<yııreT 3a 6H3HHC

EK0H0M11ja -Cıwnje)

2. A·P 6pattKa AeH1<osanonoa1<ca

(Виш Предавач на Факултет за Бизнис Економија -Скопје)

3. . M -p a>!baMyp M1-

1<1>rapı,ı (npeAaBa4 Ha <l>aı<yııreг 3a 6ıOHı,ıc

Eı<oHOMıııja- ( Ko n je)

Скопје 02/2024